**2021008122**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.307/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јануари 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2021 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува користењето на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2021 година.

Со оваа програма се планира финансирање на градежни работи за изградба на детски градинки, адаптација на простор за детски градинки, изведување на градежни работи за доградба и реконструкција на простор за детски градинки и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки, во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 67.650.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, и ќе се користат за следните намени:

- изведување на градежни работи за изградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Битола,
- изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Могила,
- изведување на градежни работи за проширување на постоечки простор на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Росоман,
- изведување на градежни работи за изградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Свети Николе с.Ерџелија,
- изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Гевгелија,
- изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка во Општина Дебар,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Гази Баба,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Берово.
- Продолжување на изведба на градежни работи на објекти од детска заштита во општините: Сопиште, Василево, с.Ангелци, Делчево, Струмица, Ѓорче Петров, Чаир и Босилово
- Продолжување на набавка, испорака и монтажа на опрема во детската градинка во Општина Босилово.

По однос на договорите склучени од претходната година сите обврски од 2020 година се измирени.

Вкупниот износ на склучени договори за повеќе годишни јавни набавки од 2020 година изнесуваат 63.000.000 денари и обврските за истите ќе се исплатат во зависност од реализација на терен.

II. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за труд и социјална политика и најдоцна до крајот на 2021 година доставува извештај до Владата на Република Северна  Македонија.

III. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна  Македонија“.

Бр. 44-12930/1-20
12 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.